Бр./Nr 12-1765/
15-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1765/1 од 16.06.2025 година, со наводи за сомневање за изградба на зграда на КП.бр.---- и КП.бр.----/1 во --------, без да биде обезбедено соодветно Одобрение за градба, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган.

Предметот со број 12-1765/1 од 16.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 13.06.2025 година, поднесена е пријава против ---------- - Градоначалник на општина --------, со наводи за сомневање за изградба на зграда без Одобрение за градба на КП.бр.---- и КП.бр.----/1 во ------ и оформен е предмет број 12-1765/1 од 13.06.2025 година.
Подносителот посочува дека правно лице кое е во сопственост на сестрата на наведеното службено лице, гради зграда без Одобрение на наведените катастарски парцели и дека се прикрива ваквото незаконие, односно дека надлежните инспекциски служби не реагирале за да се спречи градбата.
Пријавата истовремено е доставена и до Основното јавно обвинителство -------, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на Република Северна Македонија и до Државната комисија за спречување на корупција.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија дали постапуваат по пријавените наводи.
Добиени се бараните информации и од увидот во истата утврдена е следната фактичка состојба:
Во Основното јавно обвинителство ------ оформен е предмет под број Ко.бр.---/25, по поднесена кривична пријава од група граѓани против ---------- – Градоначалник на општина -------, правно лице сопственост на сестрата на наведеното службено лице, и против ------ и ------- Овластени градежни инспектори во општина --------, а кои што се однесуваат за кривични дела Злоупотреба на службена положба и овластување, Несовесно работење во службата и Бесправно градење. Наведено е дека од страна на надлежниот обвинител е доставена наредба за прибирање на податоци, увид на лице место на катастарските парцели КП.бр.---- и КП.бр.----/1 КО ------- и била донесена Наредба за вештачење од страна на вешто лице од областа на градежништвото и предметот се наоѓа во фаза на предистражна постапка и дека сè уште немаат донесено јавнообвинителска одлука.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган - Основното јавно обвинителство -------, кои оформил предмет во врска со предметните наводи, а постапувањето по истиот е во тек.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик – претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор